ПРОЕКТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ
WOMEN'S LEGAL PROTECTION PROJECT

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# Преглед на набљудувани СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

Март 2015 - Октомври 2016

Проектот на **УСАИД** за правна заштита на жените во периодот **од март 2015 до октомври 2016** година набљудуваше **201 ПРЕДМЕТ** односно **514 судски рочишта поврзани со насилство врз жени,** во следниве судови: Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Штип, Основен суд Куманово, Битола, Тетово, Струмица, Прилеп, Велес и Основен суд Струга.

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА МОНИТОРИРАНИ СЛУЧАИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

ОД ВКУПНО **201 ПРЕДМЕТ** ЗА **НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ, НАЈГОЛЕМ** ДЕЛ СЕ ОДНЕСУВААТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

**192**

**8** ПРЕДМЕТИ НА **ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ.**

и **1** ПРЕДМЕТ ЗА **НАДОМЕСТ** НА ШТЕТА ИНИЦИРАН ОД **СТРАНА НА ЖРТВАТА.**

## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### Мониторирани кривични предмети за семејно насилство

Од мониторираните судски предмети за семејно насилство **(192), повеќе од две третини** се однесуваат на **кривични дела** при семејно насилство **(136)**, од кои:

**А)** Најголем број се однесуваат на **физичко насилство (97 предмети)**, односно загрозување на животот и физичкиот интегритет на жртвата и тоа:

- **17 ДЕЛА ЗА УБИСТВО** КАКО РЕЗУЛТАТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**
- **12 ДЕЛА ЗА ТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА** КАКО РЕЗУЛТАТ НА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**
- **68 ДЕЛА ЗА СТОРЕНА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА** ПРИ **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО.**

За овие кривични дела донесени се **27 пресуди**, од кои **само во 11** се изречени **предвидените затворски казни** за сторителите на семејно насилство.

**За кривичното дело УБИСТВО изречени се 4 ПРЕСУДИ СИТЕ СО КАЗНА ЗАТВОР**

**За кривичното дело ТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА донесени се 6 ПРЕСУДИ**
Загрижувачки е податокот дека биле изречени дури 4 условни осуди и донесена е една ослободителна пресуда.

**За кривичното дело ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА донесени се 17 ПРЕСУДИ од кои 10 условни, 6 затворски казни и една судска опомена.**

**Б)** Помал дел на кривични дела се однесуваат на **ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО (36)**, односно повреда на психичкиот интегритет на жртвата, и тоа:

- **35 КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА**
- **1 кривично дело за противправно лишување од слобода.**

За овие кривични дела донесени се **10 пресуди кои се однесуваат на делото „загрозување на сигурноста“**, од кои **само во 4 е изречена предвидената казна затвор. Во 5 од предметите била изречена условна осуда**, а во **еден предмет изречена е парична казна.**

## МОНИТОРИРАНИ ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Бројот на **граѓански предмети** за заштита од семејно насилство е за **два пати помал** од бројот на иницирани **кривични постапки** против сторителите на семејно насилство.

Мониторирани се вкупно **56 предмети** за изрекување на **Привремени мерки за заштита од семејно насилство (ПМЗ)**, од кои **12** се сеуште активни предмети.




Од оние предмети кои биле завршени, во **39 предмети** предлогот за изрекување на ПМЗ е усвоен во целост, во три предмети бил делумно усвоен, додека во два предмети предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита бил одбиен.

Во најголем број од случаите подносител е Центарот за социјална работа - ЦСР (37). Во значително помал дел подносители се: брачен/вонбрачен другар (6), родител (6), поранешен брачен другар (3), полициски службеник (3) и дете (1), Во најголем дел од случаите жртви се жените. Постапката во 34 предмети е завршена во законски рок.

## СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

- **Мониторирани се 4 ПРЕДМЕТИ за кривично дело „СИЛУВАЊЕ“ за кои постапката е во тек.**

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Мониторирани се 8 ПРЕДМЕТИ на трговија со луѓе.**

За **4** од предметите донесени се пресуди, од кои **затворски казни** во три од предметите, а во еден е донесена **условна осуда**. Седум од предметите се однесуваат на трговија со луѓе, додека еден предмет е за трговија со дете.


**Проект на УСАИД за правна заштита на жените,** (Октомври 2014-Септември 2017)
**Носител:** Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)
**Партнерски организации:** Отворена Порта - Ла Страда и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“

**Проектни компоненти:**
1. Подобрување на судското постапување во предметите поврзани со насилство и дискриминација врз жените;
2. Унапредување на законската рамка со која се овозможува заштита на жртвите на насилство и дискриминација;
3. Унапредување на работењето на граѓанските организации кои обезбедуваат правна помош на жените жртви на насилство и дискриминација;

Проектот на УСАИД за правна заштита на жените жртви на насилство“ има за цел обезбедување на соодветна правна заштита на жените жртви на дискриминација и насилство, конкретно на жртвите на семејно насилство, жртвите на трговија со луѓе и сексуалните работнички.



**Контакти:**
-Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), **тел: 02/3298-295;** Центар за правна помош за жртви на семејно насилство, **тел: 02/3117-866**
-Отворена Порта - Ла Страда, **тел:080011111**
-Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници, **тел: 02/3214-269**